ОИ- 472/1

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ЕКОНОМСКА ТЕОРИЈА И ПРИМЕНАТА ЕКОНОМИЈА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОСНОВИ НА ЕКОНОМИЈАТА И УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМИ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха", од 4.2.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области економска теорија и применета економија, по предметите основи на економијата и управување со системи и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-303/7, донесена на 14.2.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: акад. Таки Фити, акад. Гоце Петрески и проф. д-р Владимир Филиповски.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области економска теорија и применета економија, по предметите основи на економијата и управување со системи, во предвидениот рок се пријави кандидатот проф. д-р Предраг Трпески.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот проф. д-р Предраг Трпески е роден на 11.7.1976 година, во Гостивар. Средно образование завршил во средното економско училиште во Гостивар со континуирано одличен успех. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје. Дипломирал во 1999 година на департманот финансиско сметководствен менаџмент, со просечен успех 9,42.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2001/2002 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Економскиот факултет – Скопје, на насоката економски развој и меѓународни финансии. Студиите ги завршил во 2005 година, со просечен успех 9,88. Во април 2005 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Новата кејнзијанска економија.*

Докторска дисертација пријавил на Економскиот факултет – Скопје во 2008 година. Дисертацијата на тема: *Релевантноста на новата кензијанска економија за пазарот на труд во Република Македонија,* ја одбранил во октомври 2010 година, пред Комисија во состав: акад. Таки Фити (ментор), акад. Гоце Петрески, проф. д-р Владимир Филиповски, проф. д-р Методија Стојков и проф. д-р Димитрија Новачевски. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на економски науки.

Во декември 2010 година е избран во звањето доцент на Економскиот факултет – Скопје (билтен бр. 997 од 1.12.2010 година).

Во моментот е вонреден професор на Економскиот факултет - Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1103 од 1.7.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во билтени бр. 997